Сојуз за
младинска
работа

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

Скопје, Септември 2022

## Сојуз за младинска работа

## 2022-2027

# СОДРЖИНА


3 **ВОВЕД**

4 **АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

5 **МЕТОДОЛОГИЈА**

5 **ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СОЈУЗОТ ЗА МЛАДИНСКА РАБОТА**

6 **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ**

- 6 **Стратешки приоритет бр.1:** Политичко признавање и регулирање на младинската работа
- 7 **Стратешки приоритет бр.2** Формално препознавање на младинската работа
- 7 **Стратешки приоритет бр.3:** Осигурување на квалитет во понудата на младинска работа
- 8 **Стратешки приоритет бр 4:** Зајакнување, проширување и зголемување на достапноста на младинска работа
- 8 **Стратешки приоритет бр.5:** Организациски развој на СМР

9 **МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА**

# ВОВЕД

Основан во 2013 година, Сојуз за младинска работа (СМР) континуирано работи на својот организациски развој и јакнење на капацитетите. Ова особено се однесува на периодот по 2018 година, кога за прв пат беше воспоставен Секретаријат и беа добиени првите грантови за спроведување проектни активности. Благодарение на постојаните залагања на организациите членки, Управниот одбор и Секретаријатот, СМР успеа да прерасне во организација која е подготвена да учествува во национални, локални и меѓународни процеси од интерес и значење за развојот на младинската работа и обезбедувањето на системска поддршка за развојот на младите луѓе. Таа позиција беше потврдена и зајакната во 2020 година, со склучувањето на Меморандуми за соработка со Агенција за млади и спорт и Филозофскиот факултет при Универзитетот “св. Кирил и Методиј” Скопје.

Сојуз за младинска работа денес е препознаен како еден од клучните актери за развојот и унапредувањето на младинската работа во државата. Како единствена мрежа на понудувачи на младинска работа, СМР е активно вклучен во сите процеси насочени кон признавање, препознавање, стандардизација и професионализација на младинската работа кај нас. Во последните години, во соработка со мрежи на понудувачи на младинска работа и младински работници од други земји, СМР активно работи и на развој на младинската работа на европско ниво.

Вклученоста, а во многу случаи и водечката улога на СМР во сериозни процеси за развој на младинската работа, бара подолгорочно планирање и приоретизирање на потребите и активностите. Оттука потребата за изготвување и усвојување на стратешки план, кој ќе го постави патот за развојот на Сојуз за младинска работа и на младинската работа во наредните 5 години. Овој стратешки план беше подготвен преку широк консултативен процес воден од страна на Секретаријатот на СМР, а беше усвоен од страна на Годишното собрание за 2022 година.

# АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Младинската работа во Република Северна Македонија во последните години забележува постојан развој, благодарение на заедничката работа на Сојуз за младинска работа, Агенција за млади и спорт и останатите институции мрежи, организации за млади и младински организации. Како резултат на заедничката работа беа започнати и завршени повеќе процеси што придонесоа за подобрување на статусот на младинската работа кај нас. Поконкретно, до донесувањето на овој стратешки план, постигнато е следното:

- Преку широк консултативен процес, во текот на 2018 и 2019 беше подготвено првото Портфолио на младински работници, кое ги дефинираше трите профили на младински работник заедно со нивниот делокруг на работа, права, обврски и неопходни компетенции.
- Во текот на истиот период, беа подготвени и првите Стандарди за квалитет во младинската работа, кој ги дефинира предусловите, критериумите и индикаторите за квалитет на младинската работа кај нас.
- Во 2018 година беше усвоен стандардот на занимање Работник со млади, како еден од профилите на младински работник, со што за прв пат младинската работа кај нас беше препознаена како занимање.
- Во 2020 година беше верификувана првата програма за образование на возрасни за занимањето Работник со млади, а СМР беше верификувана како институција за образование на возрасните за оваа програма.
- Со донесувањето на Законот за младинско учество и младински политики во 2020та година, младинската работа и младинскиот работник за прв пат беа законски препознаени и дефинирани.
- Со истиот Закон беше предвидено и отворање на младински центри како сервиси за млади, а подоцна начинот на нивното основање и работа беа подетално обработени во Правилникот за стандарди за квалитет на младинските центри.
- Во 2021 и 2022 беа спроведени две програми за образование на возрасните со вкупно 24 работници со млади.
- Заедно со Институтот за социјална работа и социјална политика, беа подготвени и поднесени за акредитација мастер студии за младинска работа.
- Основани беа првите 4 младински центри во согласност со Законот за младинско учество и младински политики, а постапката беше започната уште во неколку општини.
- На меѓународно ниво, беше отпочнат процес за основање на европска мрежа на младински работници и понудувачи на младинска работа, како и за креирање заедничка програма за обука на младински работници од страна на националните асоцијации.

И покрај евидентниот напредок во последните години, потребно е уште многу за младинската работа за да се обезбеди квалитет систем за поддршка на развојот на младите луѓе и нивно активно вклучување во животот на заедницата. Дел од тековните предизвици се поврзани со тоа што младинската работа се уште не е препознаена како професија, недостасуваат формални и неформални образовни можности за младински работници, не постојат правни основи и финансиски средства за вработување на младински работници во понудувачите за младинска работа, се уште не е воспоставен систем за осигурување и унапредување на квалитетот на младинската работа, процесот на основање младински центри е бавен, во поголем дел од општините не постои никаква понуда на младинска работа, младинската работа се уште не е доволно добро препознаена од општеството и од главните чинители, а истовремено постои засилена потреба од вмрежување, размена на искуства и знаења помеѓу младинските работници и понудувачите на младинска работа. Во периодот што следи, СМР ќе треба да преземе уште посилна и поодлучна улога во креирање решенија што ќе придонесат за квалитетната младинска работа да стане достапна на секој млад човек во земјата. А за тоа неопходно е Сојуз за младинска работа да продолжи со континуирано градење и јакнење на сопствените капацитети.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Во креирањето на овој стратешки план, Секретаријатот на Сојузот за младинска работа користеше нацрти на стратешки и акциски планови изработени во текот на претходните години, како и насоки од годишните собранија во врска со работните приоритети на СМР. Врз основа на сето тоа, беше подготвена работна верзија од стратешкиот план, што беше доставена до членките за коментари и доработка. Финалната верзија на документот беше презентирана на организациите членки на Годишното собрание на СМР на 9 и 10 мај 2022 година, кога и беше усвоена како Стратешки план на Сојуз за младинска работа за периодот 2022 до 2027 година.

Акцискиот план за периодот 2022-2023 беше подготвен дополнително од страна на Секретаријатот. По спроведените консултации со организациите членки, Акцискиот план беше усвоен на вонредно Собрание на ****, по што стана составен дел од овој документ.

# ВИЗИЈА И МИСИЈА НА СОЈУЗОТ ЗА МЛАДИНСКА РАБОТА

Врз основа на Статутот, мисијата на Сојузот за младинска работа е: Регулирање и стандардизација на младинската работа, поддршка на младински работници и подигнување на јавната свест за значењето на младинската работа.

Визијата на Сојуз за младинска работа е: Младинска работа признаена како професија и изграден систем за поддршка на млади и младински работници.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Стретешкиот план на Сојузот за младинска работа е поделен на 3 дела, согласно начинот на кој се организирани и процесите што ги води СМР: препознавање, професионализација и стандардизација на младинската работа и нејзината понуда.

## ПРЕПОЗНАВАЊЕ

Препознавањето на младинската работа е значаен чекор кон нејзиното воспоставување како значајна општествена дејност. Постојат три основни нивоа на препознавање: самопрепознавање од секторот, препознавање од државните органи, и широко општествено препознавање. Тесно поврзано со препознавањето од државните органи е и формалното признавање на младинската работа.

## ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА

Професионализацијата на младинската работа се однесува на постоењето на стандардизиран пристап на здобивање на звање младински работник, преку воспоставени образовни можности за младински работници за секој од постоечките профили.

## СТАНДАРДИЗАЦИЈА

Стандардизацијата на младинската работа се однесува на поставување на рамка на стандарди преку кои ќе може да се следи, оценува и подобрува квалитетот во понудата на младинска работа. Со дефинирањето на минимум критериуми што треба да бидат исполнети од страна на понудувачите во нивните програми на младинска работа, и со воспоставувањето на систем за нивно спроведување, се овозможува постигнување на минимум квалитет на младинската работа без разлика каде и од кого се спроведува.

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.1

### Политичко признавање и регулирање на младинската работа

Спроведувањето на програми за младинска работа во државата во овој момент не е регулирано и младинската работа институционално не е препознаена. Донесувањето на соодветни правни акти би го овозможило формално признавање и препознавање на младинската работа, како и воспоставување на механизми за следење и унапредување на младинската работа на национално и локално ниво.

- **Стратешка цел 1.1: Донесување на Закон за младинска работа**
  Преку соработка со Агенција за млади и спорт, Собранието и другите надлежни институции, формирање на работна група, изработка на предлог закон и негово донесување, формално би се регулирале сите аспекти од спроведувањето на програми за младинска работа.
- **Стратешка цел 1.2: Регулирање на младинската работа и поддршка за истата во други закони и други правни акти**
  Преку соработка со Агенција за млади и спорт, Собранието и другите надлежни институции, формирање на работна група, изработка на предлог закон и негово донесување, формално би се регулирале сите аспекти од спроведувањето на програми за младинска работа.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.2

## Формално препознавање на младинската работа

За да се спроведе целосна професионализација на младинската работа, потребно е воведување на образовни програми што одговараат на сите нивоа младински работници како и воспоставување на систем за валидација на претходно стекнато знаење, со што би се креирала можност за создавање соодветни кадри и заштита на нивните работнички права.

- **Стратешка цел 2.1: Поддршка на градење на системот за валидација на претходно стекнато знаење и искуство**
  Во соработка со Центар за образование на возрасни, да се даде поддршка на градење на систем за валидација на претходно стекнато знаење. На тој начин ќе се обедбеди професионализација во секторот, со тоа што сегашните младински работници без соодветно формално образование ќе можат да се стекнат со формално препознаено звање од релевантните институции.
- **Стратешка цел 2.2: Поддршка на процесот на воспоставување на високо образование на младински работници**
  Со цел продуцирање на високообразовани кадри во полето на младинската работа, СМР ќе даде поддршка во воспоставување и спроведување на формално универзитетско образование за младински работници. Со оглед на различните нивоа на младински работници, неопходни се и додипломски и пост-дипломски студии за младинска работа.
- **Стратешка цел 2.3: Следење и унапредување на квалитетот и достапноста на неформалното и формалното образование за младински работници**
  За да се овозможи постојан раст и развој на младинските работници, потребно е да се зголеми понудата и квалитетот на формалното и неформалното образование за младински работници. Програмите за неформално образование треба да претставуваат можност за стекнување дополнителни компетенции восогласност со потребите на младите и карактеристиките на младинската работа.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.3

## Осигурување на квалитет во понудата на младинска работа

За да се обезбеди квалитетно спроведување и стандардизација на програмите за младинска работа, потребни се активности за доработка и формално усвојување на стандардите за квалитет и воспоставување систем за нивно следење. Стандардите за квалитет ќе се однесуваат на сите понудувачи на младинска работа.

- **Стратешка цел 3.1: Воспоставување на систем за следење и зајакнување на квалитетот на младинската работа**
  По донесувањето на стандардите за квалитет на младинската работа и младинските центри, потребно е да се воспостави систем за следење и зајакнување на квалитетот на младинската работа на локално и национално ниво. Воспоставувањето на таков систем ќе придонесе кон стандардизација на понудата на младинска работа од различни понудувачи и во различни делови од земјата.
- **Стратешка цел 3.2: Воспоставување на соработка со релевантни чинители за формирање на тело за мерење на квалитетот и издавање на ознака за квалитет**
  Преку воспоставување на меѓусекторска соработка и формирање на тело за осигурување на квалитетот на младинската работа ќе се воспостават сите неопходни процедури и ќе се создадат услови за креирање на национална ознака за квалитет во младинската работа.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.4

## Зајакнување, проширување и зголемување на достапноста на младинска работа

Овој приоритет не спаѓа во трите области наведени горе, но е тесно поврзан со сите три. Истиот претпоставува мапирање и зајакнување на капацитетите на постоечките понудувачи на младинска работа во државата, што ќе придонесе за окрупнување на секторот и зајакнување на квалитетот и достапноста на понудата. Континуираната поддршка на постоечките и нови сервиси и понудувачи на младинска работа, креирањето на документи и методи, и соработка со сите релевантни чинители ќе придонесе за младинската работа да е достапна на секој млад човек.

- **Стратешка цел 4.1: Поддршка на локалните власти во исполнување на законската обврска за отворање на младински центри**
  Воспоставувањето на соработка и обезбедувањето поддршка на единиците на локалната самоуправа во спроведување на обврските од Законот за младинско учество и младински политики кои се однесуваат на младинска работа ќе придонесе за основање на младински центри како едно од местата каде се одвива младинска работа. Овој процес бара постојано следење на спроведувањето на Законот и континуирана соработка со единиците на локална самоуправа додека младински центри не бидат основани во сите општини.
- **Стратешка цел 4.2: Зајакнување на достапноста на младинската работа на млади со намалени можности**
  Поддршка на понудувачите на младинска работа и младинските работници со ресурси и образовни можности со цел зајакнување на нивните капацитети за вклучување на млади со намалени можности во нивните програми за младинска работа.
- **Стратешка цел 4.3: Поддршка на понудувачите на младинска работа во понудата на квалитетна младинска работа**
  Преку креирање можности за споделување на знаења и ресурси, застапување и лобирање за поголеми можности за понудувачите на младинска работа, да се обезбеди овозможувачко опкружување во областа на младинска работа. Ова ќе придонесе за проширување на понудата на квалитетна младинска работа и нејзин постојан развој.
- **Стратешка цел 4.4: Проширување на разнообразноста на младинската работа преку развивање на методологија и пристапи**
  Создавањето на нови методологии и пристапи ќе придонесе кон поголема разноликост на ресурсите кои ќе бидат на располагање на понудувачите на младинска работа. Со тоа, ќе се одговори на специфичните потреби на младинските работници во согласност со локалната реалност и потребите и интересите на младите луѓе.

# СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ БР.5

## Организациски развој на СМР

Овој приоритет не спаѓа во трите области наведени горе, туку е засебен бидејќи се фокусира на внатрешниот развој на СМР во однос на комуникација, структура, стабилност и одржливост на мрежата.

- **Стратешка цел 5.1: Развивање на внатрешна структура и зајакнување на капацитетите**
  Зајакнување на организациската структура и креирање внатрешни документи потребни за функционирање на организацијата. Планирање и управување со капацитетите и обезбедување можности за нивен развој.
- **Стратешка цел 5.2: Подобрување на финансиската одржливост на СМР**
  Подготвување предлог проекти за отворени повици кои се компатибилни со стратешките цели и програмските определби на СМР, како и вклучување во партнерски проекти.
- **Стратешка цел 5.3: Подобрување на внатрешната и надворешна комуникација и односи со јавност**
  Креирање на комуникациска стратегија и спроведување на активности за подобрување на внатрешната комуникација
- **Стратешка цел 5.4: Позиционирање на СМР како чинител во процесите на локално и национално ниво од областа на младинска работа**
  Преку иницирање на процеси, воспоставување соработка, потпишување на меморандуми, учество во работни групи/тела и на други начини, СМР да се стекне со позиција на значаен чинител во процесите од областа на младинска работа.

# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Носител на спроведување на стратешкиот план на Сојуз за младинска работа е Секретаријатот, како оперативен орган кој е задолжен за спроведување на сите активности од областа на тековното работење на СМР. Во спроведувањето Секретаријатот добива поддршка од организациите членки и другите тела и работни групи, а под водство на Управниот одбор на СМР.

Секретаријатот ќе одржува редовни состаноци за следење на тековните процеси и ќе планира интервенции согласно потребите. Секретаријатот ќе подготвува полугодишни извештаи за својата работа и за спроведувањето на активности согласно Акцискиот план подготвен за овој Стратешки план, што ќе ги доставува до Управниот одбор на СМР.

Управниот одбор ќе ја следи работата на Секретаријатот и ќе подготвува годишни извештаи за нивото на спроведување на Стратешкиот план, што ќе ги презентира пред Собранието на СМР.

2022-2027

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

Сојуз за младинска работа

# КОНТАКТ

## Адреса:

Емил Зола 3/3-1, 1000 Скопје

## Социјални мрежи:

Facebook

Instagram

Website

Дизајн: Ристе Шкортов